Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел дневните настани 11.09.2022

На 11.09.2022 во 00.05 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(23) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.09.2022 околу 18.30 часот полициски службеници од Полициската станица Драчево на планината Китка ја пронашле Р.С.(54) од Скопје, за која во 15.44 часот во Полициската станица Драчево нејзиниот сопруг В.С.(56) од Скопје пријавил дека, додека биле на планината, во близина на планинарскиот дом, се оддалечила и најверојатно се изгубила. На местото веднаш биле испратени полициски службеници од Полициската станица Драчево, Единицата за интервентна полиција и куче трагач, по што Р.С. набрзо била пронајдена во добра здравствена состојба и вратена кај сопругот.

На 11.09.2022 во 01.20 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Б.(33) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.09.2022 во 13.25 часот во с.Добри Дол, гостиварско, од страна на полициски службеници од ОВР Гостивар бил лишен од слобода Е.А.(26) од с.Добри Дол. Тој се сомничи дека заедно со Е.Ф.(21) од истото село, кој околу 17.30 часот исто така бил лишен од слобода, извршиле кривично дело „тешка кражба" во помошен објект на приватен имот во селото, при што одзеле повеќе предмети. По целосно документирање на случајот против лицата ќе следи соодветен поднесок.

На 11.09.2022 во 00.05 часот, од полициски службеници од ОВР Кичево лишен е од слобода С.С.(28) од Кичево. При преглед извршен на улицата „Рудничка" во Кичево, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа две ќесички, од кои едната со марихуана, а другата со тврда материја. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.09.2022 во 00.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Г.(18) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.09.2022 на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 45 возачи. Од нив 33 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 12 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци. Исто така, во текот на изминатата вечер (10/11.09.2022), во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани се 17 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 14 останати прекршоци.

На 11.09.2022 во 04.35 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Беласица", пред крстосницата со бул.„Гоце Делчев" се случила сообраќајна несреќа помеѓу две патнички возила „фолксваген пасат", двете со скопски регистарски ознаки, едното управувано од Д.М.(37) од Скопје, а другото управувано од Н.Ѓ.(39) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во второто возило А.С.(48) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи како и сопатниците од двете возила С.В.С.(47), А.Д.(36) и С.Т.(24), сите од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Полициски службеници на СВР Тетово на 10/11.09.2022, од 22.00 до 04.00 часот, спровеле акциска контрола на возачи, дали и колку од нив ги управуваат возилата под дејство на алкохол.При контролата, откриени и законски санкционирани се 12 возачи-прекршители (ТЕ-7 и ГВ-5), од кои кај 1 (ТЕ) утврдено е присуство на алкохол во крвта до 2 промили, додека 1 (ТЕ) одбил да се алкотестира. Сите прекршители исклучени се од сообраќај, времено им се одземени возачките дозволи и изготвени им се законски предвидените поднесоци. Со адекватни поднесоци санкционирани се и 16 други видови прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-6).

На 10.09.2022 во 21.05 часот било пријавено дека во с.Калаузлија, радовишко, Л.У.(35) од с.Калаузлија, кој управувал велосипед, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобил О.А.(19) од с.Калаузлија, кој се превезувал на велосипедот, констатирани во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 10/11.09.2022 од 22.00 до 04.00 часот, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници затекнале осум возачи кои управувале возило под дејство на алкохол (Охрид-03, Струга-01, Кичево-04). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 10.09.2022 во 20.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.К. од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

На 10.09.2022 во 18.40 часот било пријавено дека во Велес, на ул.„Димитар Влахов", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел зафира", со винички регистарски ознаки управувано Н.Б.(43) од Делчево и мопед „априлија", со велешки регистарски ознаки управуван од Л.Б.(18) од Велес. Во несреќата, возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

На 10.09.2022 во 17.10 часот во Полициската станица Гостивар, М.К.(52) од Гостивар пријавил дека на ул.„Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 10.09.2022 на бул.„Никола Карев" во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.И.(27) од с.Визбегово, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". Имено, непосредно пред тоа на ул. „Македонско-косовска бригада", Е.И. кој управувал мотоцикл „пиаџо", со скопски регистарски ознаки, по претходна расправија поради недоразбирање во сообраќајот со А.Х.(38) од Скопје, кој управувал патничко возило „пасат", со скопски регистарски ознаки, извадил пиштол, но бил спречен да го употреби. По целосно документирање на случајот, од страна на Единицата за насилен криминал-Одделение за насилен криминал, против Е.И. ќе следи соодветна пријава.

На 09.09.2022 во 21.50 часот на место викано „Стари лозја" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.М.(33) од Куманово. Тој се барал по распишана централна потерница за издржување на казна затвор во траење од пет години за сторено кривично дело „разбојништво" и по наредба од Казнено-поправна установа Затвор Куманово, за доиздржување на затворска казна во времетраење од една година и девет месеци. М.М. ќе биде спроведен во надлежната казнено-поправна установа за издржување на затворските казни.

На 10.09.2022 во 20.10 часот во Тетово на ул.„Илинденска" од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода Е.И.(45) и М.М.(36), двајцата од Тетово, поради тоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка со две други лица, а малку подоцна бил лишен од слобода и Б.М.(20) од Тетово, затоа што спречувал полициски службеници во преземање на службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (10/11.09.2022) во рамки на Оперативниот план „Безбедно лето 2022", Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе акциска контрола на територијата на град Прилеп за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 20 возачи, од кои седум за возење без возачка дозвола, пет за управување на возило под дејство на алкохол, две за измината важност на сообраќајната дозвола, по едно за некомплетна опрема во возилото и за непочитување на прописите кај возач почетник, при што од сообраќај биле исклучени осум возила. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 10.09.2022 во 17.10 часот Ќ.Р.(64) од с.Страјане, гостиварско, пријавил дека во с.Мало Турчане, гостиварско, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.09.2022 во 19.30 часот И.Ч.(44) од Скопје пријавил дека околу 13.20 часот во Скопје, пред угостителски објект на бул.„Партизански одреди", бил физички нападнат од Ш.Н. од с.Грчец и уште неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.06.2022 во 15.30 часот било пријавено дека во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Т.М.(41) и С.А.(64), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 11.09.2022 во 03.45 часот М.И.(18) од Куманово пријавил дека околу 00.15 часот во угостителски објект во Куманово бил физички нападнат од едно лице кое го познавал. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.09.2022 во 03.20 часот Р.Ц.(28) од с.Разловци, делчевско, пријавил дека околу 02.30 часот во Делчево бил физички нападнат од А.С. од с.Габрово. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.09.2022 во 16.00 часот во СВР Скопје Б.Ј.(38) од Скопје пријавил дека на ул. „Алија Авдовиќ", во близина на црквата, имало пукање и повредено лице од огнено оружје. Полициски службеници веднаш излегле на местото при што било констатирано дека околу 15.45 часот, по претходна сообраќајна незгода на истата локација помеѓу патничко возило „фолксваген туаран", управувано од пријавителот и патничко возило „сеат алтеа", управувано од Б.К.(20) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки, настанала вербална расправија при што дошло до физички напад. Притоа, Б.Ј.(34), кој според пријавеното бил сопственик на возилото „сеат", извадил пиштол, кој при обид да му биде одземен испукал и со повреда во ногата се здобил Б.Ј., брат на пријавителот. Тој заедно со С.Ј., роднина на пријавителот, кој се здобил со повреда при физичкиот напад, биле пренесени во Ургентен центар за укажување на медицинска помош. Известен е Јавен обвинител, распишана е централна потерница за пронаоѓање на сторителот и се работи на расчистување на случајот.

На 10.09.2022 во 14.20 часот Б.Д.(40) од Велес пријавил дека на 09.09.2022 околу 19.30 часот неговата малолетна ќерка била физички нападната со тврд предмет од друг малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.09.2022 во 19.50 часот било пријавено дека во угостителски објект во Кавадарци бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Р.М.(44) и Ѓ.С.(32), од една страна и Ѓ.С., од друга страна, сите од Кавадарци. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.09.2022 во 08.05 часот на Граничниот премин Табановце, при влез во државата, Г.С.(46) од Дебар го нарушил јавниот ред и мир со недолично и агресивно однесување кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.09.2022 во 23.10 часот С.Д.(23) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на бул.„Гоце Делчев" во Скопје едно лице со закана му одзело пари и мобилен телефон. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.09.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Кочани, К.Д.(36) од Зрновци пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот чичко З.Д.(55). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.09.2022 во 01.30 часот В.Н.(19) од с.Орман, скопско, пријавил дека на 10.09.2022 околу 23.15 часот во населбата Даме Груев во Скопје, во автобус на ЈСП, три лица од кои едното го познавал, со употреба на сила и закана му одзеле ранец. Се работи на расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет